Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 05-976/1
27 12 2021 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН

# ЗА ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Факултетот за бизнис економија (ФБЕ) со цел извршување на активностите од својот делокруг на работа и во рамките на своите надлежности изврши проценка на приходите и расходите кои се очекуваат во 2022 година.

Истите сумирани во неколку ставки се како што следува:

1. *Планирани приходи*
   Планираните приходи на ФБЕ за 2022 год. се врз основа на бројот на активни студенти на ФБЕ со претпоставка дека во следната академска година ќе се запише приближно ист број на студенти како изминатата. во текот на зимскиот семестар во академската 2021/22 година. Во случај на претходното, врз основа на уплатите за школарини, заверки на семестри и испити се очекуваат средства во износ од најмалку 12.200.000,00 денари.

2. *Планирани трошоци*
   Планираните трошоци , генерално се поделени во неколку категории, и тоа: трошоци за плати, фиксни, варијабилни и еднократни трошоци.
   - Проценетиот износ на *трошоците за плати* доколку бројот на вработени при ФБЕ остане ист како во периодот на изработка на овој финансиски план, вклучувајќи ги тука и надворешните професори е вкупно 8.100.000, 00 денари.
   - *Фиксните трошоци* се однесуваат на трошоци за кредит, закуп на просторот, закуп на стан за основачот, режиски трошоци, интернет, телефонија, обезбедување, одржување на софтвер за водење целокупна евиденција за студентите и за архивата. Севкупно овие трошоци на годишно ниво се проценети на износ од 4.990.00,00 денари.
   - *Варијабилните трошоци* опфаќаат трошоци за хартија за печатење, тонери, канцелариски материјал, средства за одржување хигиена, курирски услуги, нотарски услуги, објави во печатени медиуми, преплата за службен весник, нафта за загревање, такси, поправки и тековно одржување, маркетинг и промотивни материјали, репрезентација, и се проценети во износ од 410.00,00 денари.
   - *Еднократните трошоци* се однесуваат на трошоците за осигурување на студентите и кадарот, регрес за годишен одмор, систематски прегледи на кадарот, печатење на индекси, печатење на дипломи, акредитации на елаборати, други акредитации, елаборати за заштита при работа, и се проценети на 330.000,00 денари.

Износите од горенаведените ставки се прикажани во Табела 1 подоле во текстот.

Согласно направениот план, а заради одржливост на институцијата, активностите на вработените при ФБЕ треба да се интензивираат особено во насока на

одржување на обуки, како и аплицирање на проекти, согласно областа на делување на ФБЕ.

Табела 1. Планирани приходи и трошоци на ФБЕ за 2022 год.

| | |
|---|---|
| *Приходи* | |
| Студенти | 12.200.000,00 |
| *Вкупно приходи* | **12.200.000,00** |
| | |
| *Трошоци* | |
| Плати | 8.100.000, 00 |
| Фиксни | 4.990.000,00 |
| Варијабилни | 410.000,00 |
| Еднократни | 330.000,00 |
| *Вкупно трошоци* | ***13.830.000,00*** |

27 Декември, 2021 Скопје

Директор,

проф.д-р Биљана Ѓозинска

Приватна високообразовна установа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Висока стручна школа РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ